РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-580/3
12.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.02.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.02.2025 година.
2. Предлог–одлука за доделување на финансиска помош-донација за Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје и Предлог-договор за донација.
3. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.02.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог–одлуката за доделување на финансиска помош-донација за Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје и Предлог-договор за донација. Објасни дека на една од претходните седници се усвои ребаланс на Финансискиот план каде што една од ставките беше и за наведената донација. По предлог на г-дин Трајчев, донацијата ќе се изврши на ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје, а не како што беше претходно кога точката беше повлечена на Здружението за поддршка на Палијативни пациенти и нивните семејства ПАЛИУМ Скопје. Наведе дека за донацијата Агенцијата ќе склучи Договор за донација со ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација на Јавната здравствена установа - Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември" Скопје, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, за реализирање на „Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје", чија цел е поставување на нов само-одржлив систем за затоплување на вода преку систем на сончеви колектори, кој е енергетски поефикасен од системот кој во моментов го користи болницата, поисплатлив, поекономичен и еколошки, при што ќе се обезбеди заштита на човековите права, преку поквалитетна нега и лична хигиена за геријатриските и палијативните пациенти, намалување на сметките за електрична енергија на болницата, како и заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

Горенаведените финансиски средства, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2025 година и истите се уплаќаат на Здравствена трезорска сметката: 100000000066005, Банка на примач: Народна Банка на РСМ, сметка на буџетски корисник – единка корисник: 660250005953198, приходна шифра и програма: 744111 00.

За доделената финансиска помош – донација од горенаведената Одлука, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**